Април ја засили граѓанската динамика низ земјата, отворајќи теми што директно ги засегаат секојдневието и квалитетот на живот на граѓаните. Почнувајќи од пристап до здравствени услуги и родова еднаквост, па сè до локални политики, зелени иницијативи и образовни реформи. Грантистите на Цивика мобилитас продолжија да делуваат на повеќе нивоа, комбинирајќи теренска работа, застапување и јавни анализи.




Во полето на здравството, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ алармираше дека Македонија има една од највисоките стапки на рак на грлото на матката во Европа. На [брифинг за медиуми](#) беа презентирани наодите од мониторингот на скрининг програмата според кои само 32% од жените биле опфатени во последните три години, далеку под предвидените 75%. Податоците покажуваат и 327 нови случаи во 2023 година, како и значително повисока стапка на заболување во споредба со повеќе европски земји. Главни предизвици се недостигот на средства, недостапноста на матични гинеколози во голем број општини и недоволната едукација. [ЕСЕ](#) повика на воведување понапредни методи за скрининг и поефикасни превентивни политики. Активностите се дел од проектот „Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи“.




На младинската школа за родова еднаквост и локален активизам , одржана во Скопје од 21 до 24 април, седум млади учесници од различни градови низ земјата преку дискусии, теренска работа и креативни формати разработуваа идеи за делување во нивните заедници. Тие разговараа за родови норми и стереотипи, комуникациски формати за јавни кампањи и улогата на јавниот простор во видливоста и вклученоста на различните заедници. Интерактивната прошетка низ Скопје, водена од Антонио Павловски, отвори прашања за тоа чии гласови недостасуваат во јавниот простор. Школата се реализираше во рамки на проектот „Менторство во правосудството и младински ангажман за родова еднаквост“, што го спроведува Центарот за правни истражувања и анализи во партнерство со Македонското здружение на млади правници.


ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
МЗМП
CIVICA MOBILITAS
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC



„Активни жени“ е проект на Хуманитарното здружение „Мајка“ од Куманово што се спроведува во партнерство со Регионалниот центар за одржлив развој од Кратово, Регионалниот центар за соработка „Спектар“ од Крива Паланка и Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија од Куманово.
Проектот финансиски е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

[illegible]




Проектот „Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини" е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

